На 21 Декемеври 2004 год. основан е Институтот на Регионите на Европа (ИРЕ) како непрофитна приватна фондација  со поддршка на австриската влада, неколку региони од европски држави, неколку компании и приватни лица. ИРЕ официјално беше пуштена во работа на 4ти Мај 2005год. во Австриската Федерална Канцеларија од страна на австрискиот премиер Др. Волфганг Шусел.

Целта на ИРЕ е да се зајакне политичката и економската положба на регионите од Европа преку поддршка за создавање на мрежи и соработка. ИРЕ организира настани кои им пружаат можност на политичките претставници на регионите и општините да се сретнат со претставници на ЕУ, на економскиот сектор, инвеститори и други експерти. Селекцијата на темите на овие настани е прво и основно прилагодена на барањата и потребите на регионите членки. Покрај тоа, членовите на ИРЕ се секогаш навременно известени за работи важни за нив во рамките на Европската интеграција.

Во моментот, ИРЕ соработува со 99 членки од 14 земји.

**АКТИВНОСТИ НА ИРЕ**

Со создавањето  на ИРЕ, се формираше супра- регионална и политички независна организација која во проширена Европа и врз основа на Договорот од Лисабон, се занимава со прашањето да им се обезбеди на регионите и на општините поголем степен на важност, да се намали постоечкиот недостаток на информација, се занимава со различни прашања и има за цел да се искористи економскиот потенцијал од регионалната и супра-регионалната соработка помеѓу регионите од Европа.

Важен аспект ќе биде формирањето мрежи  помеѓу регионите, општините и другите области со јавна активност како и економијата за постигнување на нивните интереси. Главно, ова ќе се однесува на новите членки, на државите кандидати и на оние кои имаат аспирации за ваков статус.

Членови и главни поддржувачи на ИРЕ, освен Република Австрија се региони, градови и општини како и  голем број на важни бизнис претпријатија.

Понатаму, ИРЕ дава можност на млади луѓе од сите Европски региони да стажираат во Инситутот, за која цел ИРЕ споведува посебна стажантска програма.

Во фокусот на научното истражување во ИРЕ се наоѓаат регионалното и локалното истражување на политичките избори, регионализација и децентрализација во Европа како и регионалната и локалната историја.

**ПРОЕКТ СРЕЌНА ДЕТЕЛИНА СО ЧЕТИРИ ЛИСТА**

Овој проект е иницијатива на Институтот  и е под официјално покровителство и финансиска поддршка од Европската Комисија која ја претставува Генералниот Директорат за проширување на Европската Комисија во Брисел, Белгија.

Главните точки на овој проект се во согласност со ПРИНЦЕ 27/ЕУ програмата на Генералниот Директорат за проширување:

- Взаемно признавање на граѓаните на регионите и градовите во рамките на проектот
- Пренесување на искуства и перцепции на три земји членки на ЕУ на регионално и локално ниво
- Формулирање на очекувањата и ставовите на регионите и заедниците во предпристапните кандидати Хрватска и Босна и Херцеговина.

Проект за граѓаните на региони и градови од Австрија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Унгарија и Словенија поддржан од Европската Унија.

www.lucky-four-leaf-clover.eu